РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-635/7
25 -04- 2019

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 11 - та седница одржана на ден 24 април 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-635/1 од 20.02.2019 година, односно не е утврдено влијание при постапка за вработување на блиско лице, од страна на избраното лице, во конкретниот предмет пратеникот во Собранието на Република Северна Македонија, Мира Стојчевска.

Предметот со број 09-635/1 од 20.02.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 09-635/1 од 20.02.2019 година е оформен врз основа на добиени сознанија од медиумите во Република Северна Македонија, а се однесува на постапка за утврдување постоење судир на интереси за лицето Цветан Велевски, во постапка за вработување во АД ЕЛЕМ, подружница РЕК Битола, кое е брат на пратеникот во Собранието на Република Северна Македонија, Мира Стојчевска.

По добиени сознанија, од медиумите во Република Северна Македонија, Државната комисија за спречување на корупцијата заклучи, согласно член 76 став 1 и 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по службена должност, да иницира и да поведе постапка за утврдување постоење судир на интереси за лицето Цветан Велевски.

Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до РЕК Битола, со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од медиумите за постоење на состојба на судир на интереси.

Побараните податоци од наведената институција беа уредно доставени, согласно законскиот рок.

На седницата одржана на ден 24 април 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека не се потврдуваат наводите изнесени во медиумите, бидејќи лицето Цветан Велевски, брат на


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

пратеникот во Собранието на Република Северна Македонија, Мира Стојчевска е вработено на работно место Бравар - кранист како отстапен работник од приватна Агенција за вработување со Договор за вработување во траење од 11.02.2019 година до 27.04. 2019 година, но на именуваниот работниот однос му престанал на 28.02.2019 година со Спогодба за престанок на работен однос.

Имено, од доставената документација, ДКСК утврди дека горенаведеното работно место Бравар - кранист не е наменски креирано непосредно пред вработувањето на лицето Цветан Велевски, односно било предвидено во Систематизацијата на работни места на подружницата РЕК Битола и за истото работно место се планирани и обезбедени трошоците за привремени вработувања за 2019 година.

Имајќи предвид дека избраното лице е пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, а Собранието не е орган што врши надзор над АД ЕЛЕМ – подружница РЕК Битола, не е повреден член 56 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: "Службено лице не смее да врши влијание за вработување или унапредување на блиско лице во органот во кој е избрано или именувано или во друг државен орган или јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал врз кое врши надзор органот во кој лицето е избрано, односно именувано."

Согласно погоре наведеното не е утврдено влијание при постапка за вработување на блиско лице, од страна на избраното лице, во конкретниот предмет пратеникот во Собранието на Република Северна Македонија, Мира Стојчевска.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk